Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Ноември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците се воведуваат во техниката 5 зошто? Се поставува прашање со зборот зошто. Се дава одговор, а потоа одговорот се преформулира во следно прашање со зборот зошто. Така се создаваат 5 прашања и 5 одговори. Прашањето е: Зошто ја сакам есента? (можен одговор: Затоа што е прекрасна, следно прашање: Зошто е прекрасна? итн.). По завршувањето, наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за тоа кои плодови ни ги дарува есента. Учениците се запознаваат со целта. (7 минути)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот поттикнува дискусија за бојата, за просторот, големината, формата, контрастот, тонската градација, текстура и ритам.<br>Бојата ја среќаваме насекаде околу нас, таа ги обојува во прекрасни бои нештата кои нè опкружуваат.<br>Просторот се претставува на сликата. Како простор се именува сето она низ кое се движиме ние, птиците, возилата...<br>Формата - надворешен изглед на се она што не опкружува.<br>Контрастот како комбинирање на спротивности....<br>Учениците добиваат насоки самостојно да сликаат на мотив „Есенски плодови“, со темпера/гваш, користејќи боја, простор, големина, форма, контраст, тонска градација, текстура и ритам, со насока за препознавање на позадина. (23 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат цртежите, ги разгледуваат и анализаат истите во однос на користење на ликовните елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам . (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Која активност ви беше најинтересна? Што научивте? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 минути) | средства и материјали за сликање (блок, четки, темперни бои).<br>прибор за пишување<br>хартија | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

**„5 ЗОШТО“**

Со почетно прашање: Зошто ја сакам есента?

| | ЗОШТО? | | ЗАТОА ШТО |
|---|---|---|---|
| 1 | Зошто ја сакам есента? | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| 5 | | | |



resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение                    Ноември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Преку бура на идеи учениците се искажуваат за поимот „есен“. Исказите на учениците се запишуваат на табла. Од запишаните искази учениците создаваат реченици. Од речениците се создава текст на тема „Есен“. Се запознаваат со целта. (7 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците набљудуваат слики од годишното време есен.<br>  <br>Се води разговор по сликите:<br>Какви се боите на есента? Бојата ја среќаваме насекаде околу нас, таа ги обојува во прекрасни бои нештата кои нè опкружуваат.<br>Кои промени се забележуваат? Каква е есента во нашиот крај?<br>Учениците сликаат на мотив „Есенски Пејсаж“, со молив, темпера, техника Гваш и пастел, користејќи топли бои и текстура. Се препорачува пастелот да се користи на крајот за подобро воочување на текстурата. (23 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат ликовните творби, ги разгледуваат и анализираат истите во однос на користењето на ликовните елементи во сликањето контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Која активност ви беше најинтересна? Што научивте?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | табла, креда/маркер, слики средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, темперни бои, пастел, палета, хартија во боја). | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Ноември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродуција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Прави ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски бои. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците ја слушаат песната: „Светот на Биби е шарен цел“<br>https://www.youtube.com/watch?v=g362gsxVbcw<br><br>Кои бои се спомнуваат во песната? (Ги запишуваме на табла) Наставникот поттикнува дискусија за бојата: Бојата е ликовен елемент преку кој ги изразуваме своите уметнички идеи, емоции, психолошки состојби и естетски ставови. Учениците се потсетуваат за поделбата на боите на примарни (црвена, сина, жолта) и на секундарни (портокалова, зелена и виолетова) и како се добиваат секундарните бои (зелена се добива со мешање на сина и жолта, портокалова со мешање на жолта и црвена и виолетова со мешање на сина и црвена боја). Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците ги следат објаснувањата од страна на наставникот за поделбата на боите на ладни и топли и контрасни бои.<br>Топли бои (жолта, црвена, портокалова), според асоцијацијата топло (оган), и ладни бои (сина, зелена, виолетова), според асоцијацијата студено (мраз).<br>Учениците сликаат на мотив „Шума“, со молив, темпера, техника гваш и пастел, користејќи боја, ладни бои и текстура, при што се препорачува пастелот да се користи на крајот за подобро воочување на текстурата. При тоа се внимава ликовна композиција | слики средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, темперни бои, пастел, палета). нагледни средства (слики) аудио-визуелни средства (ЛЦД проектор, компјутер) интернет, образовни софтвери. | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.. |

| топли бои | ладни бои |
|---|---|
| жолта<br>црвена<br>портокалова | сина<br>зелена<br>виолетова |


Контрастни бои

resursi.literatura.mk

Снежана Тренчева

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | да се креира со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои. (22 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат ликовните творби, ги разгледуваат и анализираат истите во однос на употребата на примарните и секундарни бои, ладните и топли бои, контрасни бои. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Која активност ви беше најинтересна? Кои се примарни бои? Кои се секундарни бои? Кои се топли, а кои ладни бои? Кои се контрасни бои?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Ноември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Подлоги, средства, техники и материјали за сликање: (темперни бои, водени бои, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, колаж/микс медија...) | Споредува слики и прави разлика меѓу нив во однос на употребените материјали и техники. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците преку техниката Бура на идеи ги искажуваат своите знаења за средствата и материјалите за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја, четка), како и за разновидните техники и постапки во сликањето (капење, гребење, прскање). Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците на компјутер разгледуваат слики од познати автори: Рембрант, Да Винчи, Микеланџело, Ван Гог, Пикасо и др.<br><br>Ноќна стража Рембрант<br><br>Мона Лиза Да Винчи<br><br>Страшниот суд Микеланџело<br><br>Ѕвездена ноќ – Ван Гог<br><br>Герника - Пикасо | компјутер<br>проектор<br>ливчиња<br>прибор за пишување<br>хамер во боја<br>фломастери | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.. |

Снежана Трнчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Наставникот дава кратки информации за сликите:<br>Рембрант - Ноќна стража - техника на користење на драматичен контраст на светло, сенки и темница.<br>Мона Лиза – слика изработена со маслени бои врз табла од топола. На сликата пленува мистериозната насмевка на дамата, заедно со изразената динамика во поставеноста на нејзиното тело. Иако ликот гледа директно кон набљудувачот, нејзините раце, телото и главата се свртени настрана.<br>Микеланџело - Страшниот суд - фреска насликана на ѕид.<br>Ван Гог – Ѕвездена ноќ – акцент на боите, динамиката, специјална техника на цртање потези на различни должини. Сликата претставува рурален пејзаж ноќе, со рамни ридови во позадина – сцена на вознемирено треперење на елементи од природата и човечкиот свет.<br>Пикасо – Герника – слика на платно. Голема улога играат линиите, понекогаш тенка и тркалезна, а потоа одеднаш остра и рефракција.<br>Учениците ги споредуваат сликите и прават разлики според материјалите и техниките кои се употребени. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците се делат во пет групи. Имињата на сликарите Рембрант, Да Винчи, Микеланџело, Ван Гог, Пикасо се запишани на ливчиња. Еден ученик од групата извлекува ливче на кое е напишано името на еден автор на слики и има за задача да истражува за ликот и делото на авторот (Историска лента). Податоците ги запишуваат и презентираат пред соучениците. (Доколку е потребно подолго време за истражување активноста може да продолжи да се реализира на другите активности) . (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Која активност ви беше најинтересна? Дали правевте разлика меѓу сликите во однос на употребените материјали и техники?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk